ADA Australia

*Your aged and disability advocates*

# Вашата служба за поддршка на нега на стари лица

## Бесплатна и доверлива, На ваша страна, вашето мислење

(Macedonian/Македонски)







- Дали сте постаро лице и ви е потребна помош дома?
- Дали знаете за службите за нега на стари лица кои можат да им помогнат на постарите луѓе?
- Дали ви треба помош да добиете услуги за нега на стари лица?
- Дали имате проблеми со службата за нега на стари лица чии услуги сега ги користите?

Постарите луѓе во Австралија имаат право да добиваат услуги на нега на стари лица и поддршка. Постојат повеќе начини како да добивате поддршка. Може да добиете:

- услуги на нега на стари лица што ви помагаат да живеете самостојно дома
- кусорочна нега што ви помага повторно да застанете на нозе после повреда или болест
- место во дом за стари лица кога повеќе нема да можете да живеете дома.

### Како можеме да помогнеме?

ADA Australia обезбедува застапници (advocates) кои ви помагаат да:

- знаете кои услуги може да ги добивате
- користите услуги на нега и поддршка
- најдобро да ги користите вашите услуги на нега на стари лица
- ги разбирате трошоците и цените на негата на стари лица
- ги решите проблемите и жалбите во врска со вашите услуги на нега на стари лица
- ги разбирате вашите права и обезбедите дека односот кон вас е со почитување и праведен
- се слуша вашиот глас во поглед на вашата нега и работите што се однесуваат на вас.

### Што е застапништво?

Застапништвото (advocacy) дава поддршка да ги изразите вашите желби и да ги истакнете вашите права и потреби. Застапник од ADA Australia е неутрално лице кое ве слуша за вашата ситуација и ви помага да ги решите проблемите.

Застапникот е на ваша страна и ќе се раководи од тоа што вие го сакате. Што е особено важно, тој или таа ќе ја заштитува вашата приватност и нема да кажува никому без ваша согласност.

### Нашите услуги се:

- Бесплатни, во доверба, независни
- Одредувани од вас

## Разговарајте со нас на 1800 700 600

Interpreter

Ако ви треба преведувач јавете се на 131 450

e: info@adaaustralia.com.au

w: www.adaaustralia.com.au

ADA Australia ги признава Традиционалните старатели на оваа земја и им оддава почит на Старешините во минатото, сегашни и идни.